**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**Komisioni Rregullator për Banim**

**До:** „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово
Ул."Бошко Буха" бр.26/14
1300 Куманово

**Наш број:** Уп.08-07
**Дата:** 09.04.2024 г

**Предмет:** Решение за одземање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020) и член 6 став 1 и став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), на седницата одржана на 09-04-2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. **Се одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-12/3 од 06-04-2022 година, на правниот субјект „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, со ЕМБС 7546629 со седиште на ул."Бошко Буха" бр.26/14, Куманово.
2. Решението влегува во сила од денот на правосилност.
3. Се известува правниот субјект „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, да ја врати лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-12/3 од 06-04-2022 година, на Регулаторна комисија за домување во рок од осум дена од денот на правосилност на решението за одземање на лиценцата.

Образложение

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020), и на член 6 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), **ја одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-12/3 од 06-04-2022 година, на правниот субјект „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, со ЕМБС 7546629 со седиште на ул."Бошко Буха" бр.26/14, Куманово.

Бидејќи Регулаторната комисија за домување согласно своите надлежности од член 109 став 1 точка 10 од Законот за домување при вршење на вонредна периодична проверка на управителите за исполнувањето на условите врз основа на кои им е издадена лиценцата, по добиени податоци од Агенција за вработување на РСМ на 08.04.2024 година, за период заклучно со 31.03.2024 констатира дека правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став 4 точка 2 од Законот за домување, не ги исполнува.

Регулаторната комисија за домување согласно надлежностите од член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020), како и согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбена зграда ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), е надлежна да издава, продолжува и одзема лиценци за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.

На седницата одржана на 09-04-2024 год., Регулаторната комисија за домување, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-12/3 од 06-04-2022 година, на правниот субјект „Д И П ТУРИЗАМ" ДОО увоз-извоз Куманово, со ЕМБС 7546629 со седиште на ул."Бошко Буха" бр.26/14, Куманово.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Тужбата не го одложува извршувањето на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Решението за одземање на лиценца, дозволена е тужба пред Управниот суд, во рок од 30 дена од приемот на решението.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Регулаторната комисија за домување во рок од 8 дена по поднесување на тужбата.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Изготвил: Јасмина Петреска